Бр./Nr 09-3617/2

01-07-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 71-та седница одржана на 30.06.2022 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-3617/1 од 29.09.2022 година против повеќе службени лица од Општина -----------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување, бидејќи во пријавата нема доволно податоци врз основа на кои може да се преземат конкретни активности за да се утврди фактичка состојба.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 29.09.2022 година, доставена е пријава против повеќе лица вработени во Општина -----------, поранешни членови на совет во Општина ----------- и против Градоначалникот на Општина ------------- и оформен е предмет со број 09-3617/1 од 29.09.2022 година. Во предметот има наводи дека поранешни членови на совет на Општина ---------- вработиле свои блиски лица во општински институции. Понатаму, секретар на општина ја вработил својата сопруга како директорка на општинско училиште и низа други наводи.

По разгледувањето на наводи од пријавата, ДКСК констатира дека во конкретниот случај нема можност да покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од ЗСКСИ, бидејќи во пријавата нема доволно наводи кои укажуваат на прекршување на членовите 72, 73,74 и член 75 од ЗСКСИ, кои се однесуваат на изземање на службени лица.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател
Нури Бајрами

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: С.М-советник
Контролирал: К.З-раководител
Одобрил: м-р В.Г-член



Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk